НАРАТИВЕН

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ ПРИЛЕП за 2017 година

Дејност заштита на спомениците на културата

Февруари 2018 година

ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Годишната Програма од национален интерес во културата за 2017 година од областа на заштитата на недвижното културно наследство ја сочинуваат следните проекти:

1. Обнова на опожарените конаци и изработка и реализација на проектите за црквата, трпезаријата, магерничкиот конак и магерницата на манастирот Трескавец – Прилеп.
2. Реализација на Основен проект, препокривање на црква Св. Никола, с. Слепче.
3. Непосредна заштита – реализација на конзерваторски проект ИИ фаза Црква Св. Никола село Зрзе Прилепско
4. Археолошки истражувања на локалитет Сурун, с. Дупјачани
5. Елаборат за ревалоризација на црквата Св. Илија, с. Долгаец, Општина Долнени.
6. Елаборат за валоризација, објект на ул. Орде Тутески бр 17, Голема Мааза, Прилеп.
7. Елаборат за валоризација, куќа на ул. Кеј 9 ти Септември бр 52, Прилеп
8. Конзервација и препокривање на црквата Св. Никола, с. Манастир, Мариово
9. Ревалоризација и изработка на проект за мостот на Црна Река во с. Бучин, Општина Крушево.
10. Елаборат за ревалоризација на куќа во Крушево на ул. Таќа Бербер бр 16; Основен проект за конзервација, реставрација и препокривање на куќата во Крушево на ул. Таќа Бербер бр. 16; превентивна заштита на кровен покривач од камени плочи до конзервација.
11. Препокривање на спомен дом Блаже Конески
12. Реализација на конзерваторски проект за ограден ѕид на манастирскиот метох Свети Никола, с. Зрзе.
13. Ревалоризација на спомениците на културата во надлежност на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп
14. Реализација на Основен проект за реконзервација и тековно одржување на архитектура и витражи на споменик Илинден – Македониум Крушево
15. Реализација на Основен проект за конзервација на куќа на ул. Коча Миленку бр. 29 во Крушево
16. Анекс кон проект темелна реконструкција на источниот конак од манастирот Св. Архангел Михаил во Варош – Прилеп, фаза II, Хидротехнички проект.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

1. **Обнова на опожарените конаци и изработка и реализација на проектите за црквата, трпезаријата, магерничкиот конак и магерницата на манастирот Трескавец – Прилеп**

Конзерваторски надзор: Илија Ристески, диа, Виш конзерватор

Реализација:

Работите на обновувањето на опожарените конаци продолжија пролетта 2017. Во согласност со договорот, изведувачот КОТО – Д.О.О. Белград, продолжи со активностите околу изградбата. Според извештајот од градежниот надзор, од крајот на декември, е констатирана следната состојба:

Изведувачот интензивно работи на покривачките работи на источниот конак, како и позиции од sидарски работи и се поставува водовод и електрика во согласност со со проектот. Поради влошени временски услови работите прекинаа на 20.12.2017. за да продолжат во 2018. Штиците од покривната конструкција се заштитени.

На Западниот и северниот конак, земјените, армирано бетонските и sидарските работи се завршени, поставена е водоводната и канализационата мрежа, се работи на монтажа на електричните инсталации.

На западниот конак е монтиран и каменитиот венец на ободниот sид а се започна и со реставрација на надворешниот камен sид.

На источниот конак се работи на земјени работи, широк ископ – рачно и во присуство на археолог.

Проектот продолжува да се реализира и во 2018 година.





Изработен е Основен проект за Преземање на мерки за заштита на архитектурата на културно наследство во опасност – црква и трпезарија од Манастирот Успение на Пресвета Богородица, Трескавец – Прилеп. Добиено е конзерваторско одобрение за реализација на проектот по што е објавен тендер. По објавување на тендерот спроведена е тендерска постапка со што е избран и изведувач за реализација на истиот, - ДПТГУ Нов Неимар - Прилеп. Реализацијата започна по потпишување на договорот. Изработено е дрвено скеле и привремен лимен покрив. Поради временските услови останати се мал дел работи кои треба да се завршат со подобрување на временската состојба.






2. **Реализација на Основен проект, препокривање на црква Св. Никола, с. Слепче.** Проектот е комплетно реализиран. Извршено е расчистување на теренот, откривање на црквата дел по дел со вадење на старите керамиди, преку зацврстување на кровната конструкција и комплетно препокривање со нови керамиди.



3. **Непосредна заштита – реализација на конзерваторски проект II фаза Црква Св. Никола село Зрзе Прилепско**

Втората фаза од конзерваторско реставраторските работи на sидното сликарство на црквата Свети Никола во село Зрзе започнати се во средината на месец јули - 12. 07. 2017 година, а завршени се до 07. 09. 2017 година. Конзерваторско реставраторските работи се одвиваа според предвидените предлози за конзервација во однос на примена на методи и материјали во изготвениот Проект.

Конзерваторско-реставраторските работи од втората фаза се целосно заокружени.





4. Археолошки истражувања на локалитет Сурун, с. Дупјачани

Во рамки на Проектната програма на НУ Завод и Музеј - Прилеп за 2017 година, во временскиот период од 25.04.2017 до 7.06.2017 се истражуваше на локалитетот Мал Сурун (Орлов камен), кај село Дупјачани. Се работеше на три пунктови во рамки на акрополниот дел на локалитетот : Сонда 2 на Јужното плато, простор околу карпа позната меѓу месното население како “Престол, исто така на Јужното плато и на простор на една доминантна карпа на Централното плато.

Истражувањата на акрополата на ридот Мал Сурун (Орлов камен) конкретно ги определија границите на најрано користење во енеолитскиот период и во бронзеното време, по што следи егзистирање во текот на доцномакедонскиот и подоцна во римско царскиот период. Начинот на прилагодување на карпите за вклопување во архитектонски целини и откриените градби според нивната просторна концепција, упатуваат недвосмислено на простор каде се вршеле одредени ритуални процесии во односните периоди.




5. **Елаборат за реваloризација на црквата Св. Илија, с. Долгаец, Општина Долнени**

Елаборатот е изработен и заедно со Предлог за донесување Акт за прогласување на културно наследство, доставен е до Управата за заштита на културното наследство.

6. **Елаборат за валоризација, објект на ул. Орде Тутески бр 17, Голема Мааза, Прилеп**

Елаборатот не може да се изработи заради несредени имотно правни односи и неможност да се обезбедат потребните имотни документи.

7. **Елаборат за валоризација, куќа на ул. Кеј 9 ти Септември бр 52, Прилеп.**

Елаборатот е во фаза на изработка.

8. **Конзервација и препокривање на црквата Св. Никола Манастир Мариово**

Конзервацијата на фрескоживописот е продолжение на Проектот за конзерваторско-реставраторски работи на фрескоживописот во манастирската црква Св. Никола, с. Манастир, Мариово, од 2010 г .

Оваа година во рамки на редовната програма за работа на НУ Завод и Музеј – Прилеп се продолжи со работа Втора фаза - чистење на фрескоживописот со хемиски средства и механички на разни наслаги на живописот, нечистотии од исчаденост, восок и други наслаги.

Фазата која се однесуваше на чистење на видното сликарство од наслаги со различен карактер и соли се вршеше иконографски поради различната состојба, односно степенот на зачуваност.

Проектот се реализира во ноември и декември 2017 година и ќе продолжи и во следните години.





Што се однесува на делот за препокривање на црквата Св. Никола, с. Манастир Мариово, изработката на Основниот проект е изработен и доставен на стручна контрола во НКЦ. По добивање на конзерваторско одобрение ќе следи објавување на тендер со што би започнала реализацијата на Основниот проект.



9. **Ревалоризација и изработка на проект за мостот на Црна Река во с. Бучин, Општина Крушево.**
   Елаборатот е во фаза на изработка и ќе биде завршен во 2018 година.

10. **Елаборат за ревалоризација на куќа во Крушево на ул. Таќа Бербер бр 16; Основен проект за конзервација, реставрација и препокривање на куќата во Крушево на ул. Таќа Бербер бр. 16; превентивна заштита на кровен покривач од камени плочи до конзервација.**
    Оваа година според висината на доделените средства се започна само изработката на Елаборат за ревалоризација на куќата на ул. Таќа Бербер бр. 16 Крушево. Истиот е во фаза на изработка а ќе се заврши во 2018 година.

11. **Препокривање на спомен дом Блаже Конески**

Во 2017 година предвидена и завршена е изработката на проект за препокривање на Спомен дом Блаже Конески, с. Небрегово.

Овој проект беше изработен и добиен е позитивен Извештај од извршена стручна контрола. Во текот на 2018 година по добивањее на конзерваторско одобрение ќе се премине кон негова реализација.



12. **Реализација на конзерваторски проект за ограден ѕид на манастирскиот метох Свети Никола, с. Зрзе.**

По добивањето на конзерваторско одобрение на тендер избран е изведувач - Друштво за градежништво,трговија производство и услуги МС КОНСТРУКТОР,ДООЕЛ увоз извоз, Битола, со кој е склучен договор.

Работите започнаа на почетокот на октомври, се одвиваа непречено и се доведоа при крај, но поради зимските услови прекинаа. Со отворањето на градежната сезона 2018 година проектот ќе биде завршен.



13. **Ревалоризација на спомениците на културата во надлежност на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп**

Во текот на 2017 година се работеше на повеќе Елаборати за ревалоризација меѓу кои и црквите Св. Петар и Павле, Св. Никола, Св. Атанас Варош и други.

14. **Реализација на Основен проект за реконзервација и тековно одржување на архитектура и витражи на споменик Илинден Крушево.**

До денес се делумно извршени работи на платформа 1 “Пранги”, каде е извршено чиистење на фасадните површини, нанесување на **У** врска и прв слој на цементен малтер на подглобучени и отпаднати малтерни површини и боење на фасадните површини во два слоја.

На платформа 2 - “Крипта” се извршени работи од чистење на пукнатини од малтер поголеми од 2-3 мм за соодветно нанесување на малтер, чистење на подглобучени површини, хидродемолирање, обработка на површините со отпаднати малтери согласно предвидените позиции во проектот и употреба на материјали за антикорозивна заштита АНТИКОРОЗИВ ББ приозвод на Адинг - Скопје. Во тек е завршна обработка на површините со нанесување на фасадна боја во два наноси со пумпи под притисок.

На платформа 3 – Сцена, извршена е обработка на надворешните sидни површини и нанесувањее на фасадна боја со пумпа под притисок на претходно исчистени површини, хидродемолирање, обработка на површините со отпаднати малтери согласно предвидените позиции во проектот.

На платформа 4 - “Купола” завршени се работите од обработка на челична конструкција од двете застаклени галерии од југозападна страна и едната витражна конструкција од надворешната страна. Работата се состоеше во чистење на металните елемети од корозија со челични четки или брусење, одстранување на сиот деградиран кит по физичка постапка и нанесување на антикорозивна заштита во прв слој Актив прајмер. На фасадната површина на дел од куполата каде е монтирано градежно скеле извршени се работи од претходно чистење на подглобучени површини, хидродемолирање, обработка на површините со отпаднати малтери согласно предвидените позиции во проектот и завршно нанесувањее на фасадна боја со помпа под притисок.

Во втората половина на 2017 година работите на комплексот Илинден - Крушево во поголем дел од времето беа во мирување, бидејќи имаше забелешки од конзерваторскиот надзор за квалитетот на фасадната обработка на куполата и други позиции од организационен карактер кои не дозволуваа демонтирање на градежното скеле од западната страна на куполата.

Воедно конзерваторскиот надзор му укажа на изведувачот за незадоволителниот квалитет на фасадната обработка на куполата и му наложи да изврши корекции на позиции кои во целост не ги задоволуваат критериумите согласно проектот.



15. **Реализација на Основен проект за конзервација на куќа на ул. Коча Миленку бр. 29 во Крушево.**

Завршени се истражувачките работи за изработка на Основниот проект а во тек е изработката на Основен проект за конзервација на куќа на ул. Коча Миленку бр. 29 во Крушево, по што следува постапка за добивање конзерваторско одобрение.

16. **Анекс кон проект темелна реконструкција на источниот конак од манастирот Св. Архангел Михаил во Варош – Прилеп, фаза II, Хидротехнички проект.**
Овој проект ќе се реализира во 2018 година.

СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТ ДОЛИШТЕ, С. ПРИЛЕПЕЦ

Од 22.08 до 27.09 2017 година се истражуваше на едно плато на околу 300 м. југоисточно од селото Волково, пресечено со два длабоки долови. Се постави Сонда 1 со димензии 5 х 5 м., која се прошируваше заради следење на правецот на откриените архитектонски појави.

Откриени се остатоци од ѕидови од три градби, една од доцномакедонскиот и две од раноримскиот период. Меѓу двете римскодобни градби се евидентира отворен простор, еден вид на премин со ширина од 1,50 м. Ѕидовите биле градени во техника на сувоѕид. Од римскодобната Градба 1 се отворија делови од две простории, но поради мошне тврдата земја за ископување се истражија само до мала длабочина. Од римскодобната Градба 2, која била подигната врз постарата доцномакедонска Градба 3, се евидентираа три простории. Од Градба 3 откриена е една просторија со два целосно сочувани складишни керамички садови - питоси.

Во движниот археолошки материјал доминира фрагментирана садова керамика. Од други позначајни наоди се издвојуваат бронзеното капаче од сад со вертикално издигнати птичји протоми (VI-V век ст.е.), бронзена фибула од „малоазиски“ тип и бронзена монета на Персеј (доцномакедонски период), додека од римскиот период се отркијаа мноштво на оловни „ролати“ чија намена не е позната и две бронзени монети, една на градот Амфиполис, кована за време на Август и една на градот Едеса, кована за време на императорот Тибериј.

Со овогодинешните истражувања на локалитетот Долиште се констатира населбинско користење на едно од платоата на локалитетот. Откриените делови на градбите се со мал опфат, така да добиените сознанија не овозможуваат дефинирање на нивната основна намена. Со идни истражувања би се добила појасна претстава за нивните форми и намени.





АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТ МАНАСТИР, С. ПОДМОЛ

Од 17.07 до 4.08 2017 година во соработка со Катедрата за археологија при Филозофскиоит факултет на УКИМ Скопје, се истражуваше на м.в. Манастир во селото Подмол. Раководител на истражувањата беше проф.др. Антонио Јакимовски. Просторот каде се истражуваше е неискористена површина во приватна сопственост, обрасната со бујна тревна вегетација и појас на млади дрвја. По кажување на мештаните, во подалечното минато тука бил лоциран објект од верски карактер, па затоа местото е познато како м.в. Манастир.

Површински се евидентирани неколку масивни убаво обработени правоаголни камени блокови, кои веројатно припаѓале на некаква градба од подоцнежниот турски период. Се постави Сонда 1 со димензии 5 х 5 м., која анексно се прошируваше за следење на остатоците од градбата која е евидентирана веднаш во потповршинските слоеви. Откриената градба е од античко време, подигната кон крајот на македонскиот период, а егзистирала и во следниот царско римски период. Ѕидовите биле изградени од убаво делкани камења поврзувани со малтер. Со идни истражувања ќе се дефинира функцијата на градбата, како и нејзиниот опфат и целосната архитеконска концепција.

Од движни наоди евидентирани се фрагменти од садова керамика, пирамидални тегови, кружни прешлени, железни ноже и клин, бронзена алка и стаклена правоаголна кутија со поклопец. Од нумизматички материјал присутни се две нечитливи бронзени монети од доцномакедонскиот период, една бронзена на градот Тесалоника кована во I век од ст.е. и една исто така бронзена монета на македонскиот коинон од III век. Секако значаен наод претставува фрагментираната мермерна скулптура - претстава на човечка фигура.





АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТ СТИБЕРА, С. ЧЕПИГОВО

Од 19.06 до 13.07 2017 година се истражуваше на локалитетот Стибера кај село Чепигово. Се отвори дел од објект, јужно веднаш до Храмот на богинката Тихе. Откриени се негови два паралелни ѕидови со ориентација исток - запад и сосема мал дел од фронталниот, ним попречен ѕид, со ориентација север - југ. Ѕидовите биле градени од убаво делкани камења врзувани со варов малтер. За разлика од оние од храмот кои се со поголема ширина, ѕидовите на оваа новооткриена градба се со ширина од околу 0,60 м. Измерено е растојание помеѓу двете градби од 2,30 м. до 3,10 м., односно тоа растојание се намалува кон исток. Градбата била поплочувана со помали и поголеми гранитни плочи. Приближно во централниот дел била оформена платформа од мермени подни плочи и исто така мермерни парапетни блокови. Во средината бил изграден бунар со приближно иста длабочина како бунарот во храмот од околу 3,25 м. Пречникот на неговиот отвор изнесува 0,57 м., а бил покриен со поклопец, веројатно дрвен. Во мермерната подна плоча во кој овој бунар бил оформен, се забележуваат траги од оловни кланфи со кои поклопецот бил прицврстен.

Од градбата се откри нејзината западна половина. Се планира со идни истражувања да се дооткрие целосно, односно и нејзиниот источен дел. Првична претпоставка е дека била во служба на Храмот на богинката Тихе, односно дека жителите на градот Стибера на денот кој бил посветен на оваа богинка присуствувале на процесија прво во овој објект, а потоа оние видни граѓани, заедно со свештенството го продолжувале обредниот ритуал во самиот храм.

Движните наоди го потврдуваат истовременото егзистирање со храмот, односно во царско римскиот период. Покрај мноштвото фрагментирани, но и неколку целосно керамички садови, евидентирани се и фрагменти од стаклени садови. Од други наоди пронајдени се две железни стрели со квадратен пресек, оловна кугла проектил и држалка од бронзен сад. Во нумизматички материјал се вклучуваат бронзени монети на градот Филипи, на Клавдиј, Антонин Пиј и Марко Аврелиј.

Западно пред градбата, во подлабоките културни слоеви, се откријаа остатоци од доцномакедонски градби со недефинирана намена. Нивното откритие претставува потврда дека ридот Бедем, кој бил акрополен дел на Стибера, бил користен и во овој период, пред процутот на градот во царско римскиот период. Покрај фрагменти од садова керамика од овој период, позначајни наоди се сребрениот тетраобол на градот Хистиаја и бронзената монета на квесторот Гај Публилиј.





ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2017 година извршени се околу 40 увиди по барање на УЗКН, кои се однесуваат на легализација на дивоградби на територијата на нашата меснонадлежност, односно во Прилеп , Кривогаштани, Долнени и како најмногуброjни во Крушево. НУ Завод и Музеј се соочува со недостаток на финансиски средства за да ги реализира трошоците за гориво за стручните лица да излезат на тие увиди. За увидите кои стручните лица од НУ Завод и Музеј ги вршат а се однесуваат на предметите за легализација на бесправно изградените објекти како вонпрограмска активност , очекуваме дека ќе бидат одобрени дополнителни средства за гориво и поштенски трошоци , бидејќи во спротивно се доведува во прашање реализацијата на овие барања а од друга страна без дополнителни средства се доведува поради немање на гориво да не се реализира програмата за тековната година.

Стручна контрола на Проекти изработени од други правни субјекти, или по барање на физички лица

Во текот на оваа година Комисии формирани од стручните лица во НУ Завод и Музеј , извршија стручна контрола на **6** Проекти (идејни и основни).

Одговори на барања и увиди по барања на правни и физички лица

Во текот на 2017 година стручните лица од нашата установа извршија увиди по барање на правни и физички лица и одговорија на барања од правни и физички лица во вкупно **23** случаеви.

Изработка на Заштитно конзерваторски основи по барање на УЗКН и приватни лица

Во текот на 2017 година стручните лица од нашата установа изработија две (2) Заштитно конзерваторски основи по барање на приватни лица. Заштитно конзерваторските основи се комплетно сработени, доставени до УЗКН и добиено е Решение за нивно одобрување.

Изработка на Заштитно конзерваторски услови по барање на УЗКН и приватни лица

Со новите измени во Законот за заштита на културното наследство стручните лица (конзерватори) изработуваат Заштитно конзарваторки услови (ЗКУ) - како почетна активност при изработка на проекти за објекти кои се под заштита.

Во текотна 2017 г. по барања на правни или физички лица преку УЗКН побарани се и изработени 5 ЗКУ.

Работи и активности на стручните служби

Педагошко водичката служба континуирано се реализираше во текот на целата година во сите објекти – надлежност на НУ Завод и Музеј Прилеп, и тоа:

- Спомен куќата на Кузман Јосифоски – Питу
- Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово
- Меморијален музеј 11 Октомври 1941 г
- Археолошка поставка
- Галерија на икони
- Музеј за тутун
- Могила на непобедените

Посетите на сите објекти се состојат од школска младина, поединечни, организирани од сојузите на пензионери и странски групни и поединечни.

НАРАТИВЕН

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ ПРИЛЕП за 2017 година

Музејска дејност

Во 2017 година одобрени беа проекти и од музејска дејност и тоа:

1. Лапидариум
2. Етнолошко – етнографска поставка – Потковица на живот
3. Непосредна заштита – реализација на конзерваторски проект Фрагменти од керамички садови од локалитетот Сламите, с. Вепрчани, Мариово.
4. Непосредна заштита – реализација на конзерваторски проект фрагменти и култни предмети од локалитетот Трештена стена, с. Манастир, Мариово
5. Ченто, биографија низ фотографија – изложба
6. Непосредна заштита – реализација на конзерваторски проект Црква Св. Никола, с Кривогаштани, Прилепско.
7. Реевиденција на регистрираните икони како споменици на културата, библиографски материјали, живопис и архитектура на црквите и манастирите на територијата на општините Прилеп, Кривогаштани, Крушево, Тополчани, Долнени и Мариовско.
8. Училиштата во музеите или музеите во училиштата.
9. Санација на депоа во Заводот и Музеј – Прилеп.
10. Евидентирање и Валоризирање на колекцијата на Центарот на современа ликовна уметност Прилеп

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА МУЗЕЈСКАТА ДЕЈНОСТ

1. **Проект Лапидариум**

Врз основа на висината на доделените средства и важноста за заштита на сполиите, скулптурите и камената пластика, се пристапи кон парцијално реализирање на проектот во атриумот на објектот на НУ завод и Музеј - Прилеп.

Реализацијата на проектот започна кон крајот на ноември 2017 година а целосното покривање на покривната конструкција е направено кон крајот при крајот на декември. Заради зимските услови работите се прекинати, а во 2018 година ќе се продолжи со поставување на бехатон плочки од подот под покривната конструкција а над армирано бетонската подлога, ќе се дооформи патеката со бехатон плочки и ќе се заштитат дрвените елементи од конструкцијата со заштитен премаз за дрво.

2. **Етнолошко етногравска поставка - Потковица на животот**

Завршено е поставувањето на инсталацијата за вентилација и греење и се работи на подготовка на експонатите за поставување во поставката.

3. **Непосредна заштита – реализација на конзерваторски проект Фрагменти од керамички садови од локалитетот Сламите, с. Вепрчани, Мариово.**

Проектот е реализиран, извршена е конзервација и реконструкција на 10 (13) фрагменти од керамички садови и култни предмети од локалитет Сламите, с. Вепрчани






4. **Непосредна заштита – реализација на конзерваторски проект фрагменти и култни предмети од локалитетот Трештена стена, с. Манастир, Мариово**

Проектот е реализиран, извршена е конзервација и реконструкција на 10 фрагменти од керамички садови и култни предмети од локалитет Трештена стена, с. Манастир, Мариово.






5. **Ченто, биографија низ фотографија – изложба**

Со оглед на фактот што во предходните години, беше реализиран проектот ,,Збогатување на фототеката со фотографии од Методија Андонов - Ченто", преку кој беше собран прилично обемен, пред се фото материјал, овој период се досредуваше целокупниот материјал за презентација, односно, реализација на проектот: Изложба ,,ЧЕНТО – БИОГРАФИЈА НИЗ ФОТОГРАФИЈА", прифатен и финансиран од Министерството за култура во рамките на програмата за остварување на националниот интерес во културата за 2017 година, особено, што оваа година се одбележуваа 115 години од раѓањето и 60 години од смртта на овој наш револуционер и деец за слободна и независна Република Македонија. Со оглед на фактот што Министерството за култура не го финансираше проектот во целост, односно, не одобри финансиски средства и за печатење на публикацијата, во форма на фотомонографија, во рамките на изложбата е подготвен каталог од 12 страни, поточно, финансиските средства ја диктираа обемноста на каталогот.

Изложбата беше отворена на 24.07.2017 година во Ликовната галерија на НУ ЦК ,,Марко Цепенков" – Прилеп.

Покрај во Прилеп, истата беше отворена во ,,Музеј-Галерија"- Кавадарци на 17.11.2017 година и ,,Музеј на град Неготино" на 11.12.2017 година. Со оглед на големата заинтересираност за изложбата на музејските установи, како и некои центри за култура, тенденција е истата во наредната 2018 година да ја видат жителите на поголем број градови во Република Македонија.






6. Непосредна заштита – реализација на конзерваторски проект Црква Св. Никола, с Кривогаштани, Прилепско.

Црквата Свети Никола во село Кривогаштани поседува вкупно педесет и шест (56) икони. Иконите се претежно од типот на иконостасни (престолни, празнични, апостолски), а дел од нив се наоѓаат по sидовите од наосот и спратната галерија на црквата. Предмет на проектот беа 10 икони: Икона *Апостоли св.Петар и св.Павле* ; *св. Никола со житие; св. Петка и св. Недела;* Икона *Богородица Одигитрија* ; Икона *св. Никола и св. Атанасие*; Икона *Раѓање Христово* Икона *Кртевање Христово*; Икона *Воскресение Христово*; Икона *Исус Христос Пантократор*; Икона *Богородица со Христос*

Иконите се од различни временски периоди и од различни автори. За истите направена е: историско уметничка и иконографска анализа; анализа на техника; анализа на состојба; фотодокументација и графичка документација со назначени видови и обем на оштетувања.





7. Реевиденција на регистрираните икони како споменици на културата, библиогафски материјали,живопис и архитектура на црквитеи манастирите на територијата на општините Прилеп, Кривогаштани, Крушево ,Тополчани и Долнени (во тие раки и регионот Мариово)

Оваа фаза од проектот кој е повеќегодишен и обемен беше реализирана во Септември. Требаше да се реализира во Април но поради динамиката на користење на возилата кои ги користат другите колеги за останатите терени, се направи поинаков распоред. Проектот успешно се реализира, посетени беа црквите и манастирите во Регонот на Мариово и општина Долнени и тоа 53 населени места со евидентирани 801 икона.




8. Училиштето во музеите или музеите во училиштето

- Имплементацијата на проектот „Училиштата во музеите или музејот во училиштата за 2017 година” се состоеше во:
    - Нов план за имплементација, со оглед на малите средства добиени за оваа година
    - Воспоставување соработка со средни училишта
    - Тесаурирање на видео материјали од проектот “Училиштата во музеите или музеите во училиштата” од минатите години на носач, со немена за чување
    - Едукативни сесии со две средни училишта за обука за снимање со камера, пишување сценарија и режирање
    - Снимање глумечка перформанса за ТВ емитување
    - Креирање ТВ рапорти за емитување на ТВ Канализија
    - Обзнанување на активностите преку фејсбук (популаризација на проектот во средните училишта)

Проектот започна во месец мај, а заврши до крајот на ноември 2017 година.





9. Санација на депоа во Заводот и Музеј – Прилеп.

Санацијата на депоата во НУ Завод и Музеј – Прилеп ја изведуваше фирмата Теракота Прилеп, која го доби тендерот и работата ја започна по потпишување на договорот во 2016 година а во континуитет продолжи и оваа година.

Реализацијата заврши во октомври 2017 година.

10. Евидентирање и Валоризирање на колекцијата на Центарот на современа ликовна уметност Прилеп

Оваа година се изработи Елаборатот за валоризација на уметничките дела на Центарот за современа ликовна уметност Прилеп, кој содржи податоци и фотографии од 1137 евидентирани дела и предлог за прогласување на културно наследство. Во очекување сме на добивање Решение за прогласување на значајно културно наследство со што ќе се заокружи реализацијата на овој обемен повеќегодишен проект.

ПОДРУЖНИЦА „СУВЕНИРНИЦА“

Од 2016 година во склоп на НУ Завод и Музеј - Прилеп регистрирана е и работи подружница Сувенирница. Во неа се врши продажба на сувенири со мотиви од културното наследство и добра на Република Македонија. Еден дел од сувенирите ги добиваме од Музеј на Македонија, а еден дел ги обезбедуваме во соработка со добавувачи, изработувачи на различни сувенири со мотиви од Македонија а особено од Прилеп.

Сувенирницата работи секој ден од вторник до недела.

I. Во библиотечна дејност со програмата за 2017 година одобрени се средства за стручно оспособување на библиотекарот и за набавка на публикации

1. Министерството за култура со средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година учествуваше во финансирањето на проектот: „Набавка на домашни и на странски публикации", со средства во висина од 10.000,оо денари, кои наменски се потрошени за реализација на проектот. Со обезбедувањето на финансиски средства, иако скромни, се збогати фондот на стручна литература и тоа од областа на архитектурата, историја на уметност, археологија, историја, праисторија. Со тоа му излеговме во пресрет на учениците, студентите, а најважно и на нашите стручни лица. Наставниот кадар се стреми учениците и студентите повеќе да користат стручна литература, а не само да ги користат ресурсите на интернет порталите. Стручната литература, посебно во делот на научно-истражувачката работа, ќе биде од голема корист на нашите стручни лица.
2. Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје во рамките на проектот Стручно оспособување на билиотекари, организира Основни курсеви за библиотечно работење, за стекнување знаења за техничка, формална и содржинска обработка на библиотечниот материјал согласно меѓународно прифатените стандарди за обработка, негово чување и заштита, како и начините на кои може да се пребараат и да пронајдат информации во домашните и странските јавно достапни електронски каталози и бази на податоци, кои се одржаја во април-јуни 2017 година.

Министерството со средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2017 година учествуваше во финансирањето на проектот: „Стручно оспособување на библиотекар", па така за оваа година беше опфатен следниот курс:

Каталогизација на сериски публикации и други континуирани извори.

По завршување на курсот , библиотекарот успешно го положи и испитот.

Покрај Основни курсеви за библиотечно работење оваа година ги следеше и курсевите ЦОБИСС, и тоа:

Користење на програмската поддршка ЦОБИСС3/Преземање записи и фонд - термин 26 - 28. април 2017 г. и

- Користење на програмската поддршка ЦОБИСС3/Каталогизација - почетен (5 дена). - почетен (5 дена). - која обука ќе се одржи во 2018 година.

в.д. директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

_____

Благоја Атанасоски